Врз основа на член 11 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/2008, 158/2010 и 51/2011), член 13 од Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/11), а во врска со член 10 став (2) алинеја 6 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/09 и 158/10), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесува

# ПРАВИЛА ЗА НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ, КАКО И ЗА НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ, БРИШЕЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА МЕДИУМИТЕ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Правилата за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите зависат од формата на личните податоци и начинот на кој тие се користат.

## 1. Начин на уништување на документите

Документите во кои се содржани личните податоци можат да егзистираат во електронска и пишана форма. Еквивалент за електронската форма се електронските податоци кои се сместени на медиуми (хард диск, надворешен диск, надворешна меморија, ЦД, ДВД и слично), додека пак за пишаната форма еквивалент се податоците на хартија. Начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите детаљно е разработен во точка 2.

Уништувањето на хартиените документи во кои личните податоци егзистираат во пишана форма се врши од страна на комисијата определена од страна на директорот. Документите се уништуваат со ситнење или на друг начин, при што тие повторно не можат да бидат употребливи.

При уништување на документите, комисиски се составува записник кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на документот, како и за категориите на личните податоци.

## 2. Начин на уништување, бришење /чистење на медиумите

Овој начин пропишува уништување, бришење/чистење само на оние лични податоци кои егзистираат во електронска форма, а притоа се сместени на соодветен медиум.

### Медиуми кои се уништуваат

Се уништуваат само непроменливите медиуми кои поради нивниот карактер на непроменливост не дозволуваат бришење на личните податоци. Во исклучителни случаи можат да се уништат и променливи медиуми заради висок степен на оштетеност кој не дозволува тие да бидат во функција.

По пренесувањето на личните податоци од медиумот или по истекот на определениот рок за чување, медиумот треба да се уништи, да се избрише или да се исчисти од личните податоци снимени на него. Уништувањето на медиумот се врши со механичко разделување на неговите составни делови за да не може повторно да се употребува. Бришењето или чистењето на медиумот треба да се изврши на начин што ќе оневозможи понатамошно обновување на снимените лични податоци. За овие случаи се составува записник кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на медиумот, како и за категориите лични податоци снимени на него.

### Постапка за уништување на медиумите

Уништувањето на медиумот се врши во присуство на комисија составена од три члена, од кои еден член е систем-администраторот. Комисијата се формира со решение на контролорот и за постапката на уништување составува записник. Во записникот се внесуваат податоци за идентификација на медиумот кој се уништува т.е. неговиот сериски број, категории лични податоци кои се наоѓаат на него, датум и место на уништување на медиумот и име и презиме на лицата кои ја сочинуваат комисијата.

### Бришење /Чистење на медиумите

Бришењето/чистењето на личните податоци од медиумот се врши на начин кој треба да оневозможи нивно обновување на медиумот од кој

тие веќе се избришани. Личните податоци се бришат кога се врши замена на компјутерска опрема (персоналните сметачи и сервер) со нова, при што старата опрема се расходува или се отстапува за вршење на други работи кај контролорот. Во случај на бришење/чистење на податоците, слично како и при уништувањето, се формира трочлена комисија со решение на контролорот. За постапката на бришење се води записник во кој се внесуваат податоци за идентификација на медиумот од кој се бришат/чистат личните податоци ( неговиот сериски број ), категории на личните податоци кои се бришат од него, датум и место за бришење на медиумот и име и презиме на лицата кои ја сочинуваат комисијата во чие присуство се одвивала постапката на бришење/чистење .
На постапката на бришење/чистење поради својата природа не подлежат непроменливите медиуми.

**3. Објава**

Овие правила влегуваат во сила со денот на објавувањето на огласната табла на АКН, односно со објавувањето на веб-страницата на АКН.

**Претседател на Управен одбор**

________________________________

Димитар Димовски